**ЕДИНИЦА ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

# ВО ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

Декември 2024 година

## 1. Вовед

Управувањето со ризици во спречување корупција е законска обврска и неопходен елемент на доброто управување. Соодветното управување со ризици е од извонредна важност за Општина Крушево и за неговата способност за извршување на доделените функции. Планот за управување со ризици ги дефинира целите и придобивките од управувањето со ризиците, одговорностите за управување со ризиците и дава преглед на рамката која ќе се воспостави, со што успешно ќе се управува со ризиците. Планот, исто така, претставува сеопфатна рамка за поддршка на лицата одговорни за спроведување на планот за проценка на ризици од корупција. Согласно член 2 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси под поимот корупција се подразбира злоупотреба на функција, јавно овластување, службена должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе ии за друг.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство претставува кршење на интегритетот. Интегритетот пак, од друга страна претставува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес. Општина Крушево, почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност, важи за Општина кај која приоритет е јавниот интерес. Истиот, претставува мотив за создавање на неколку механизми за справување со корупцијата.

Општина Крушево во рамките на своите надлежности утврди потреба од изготвување на План за проценка на ризици од корупција во 2023 година во согласност со законот за спречување корупција и судир на интереси и националната стратегија за спречување корупцијаи судир на интереси. Годишниот план за спречување на корупцијата во Општина Крушево е дизајниран да се дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори. Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кои резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупцијата конечно се остварува. Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата, Општина Крушево има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните проецеси и постапки. Во рамки на надлежноста и делокругот на Работење засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на Општината. Сепак, долгорочно, Општината изготвува антикорупциски план кој го адаптира и наметнува како обврска и за вработените и за граѓаните, како круцијална алка во целиот процес.

Во рамките на планираните активности за борба против корупција Општина Крушево ќе биде насочена кон воспоставување на контролни механизми и процедури на работа во областите од надлежност на локалната самоуправа. Општина Крушево

соработува со медиуми со цел обезбедување отвореност и транспарентност во своето работење, редовно информирање на граѓаните преку Веб страната на општината.

## 2. Надлежности и организациона структура на општина Крушево

Општина Крушево е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на Општината. Општината е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република С.Македонија.

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење објекти од локално значење утврдени со Законот, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;
3. Локален економски развој- планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење економска локална политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, агенции и промовирање на партнерство;
4. Комунални дејности - снабдување со вода за пиење, испорака на технолошката вода, одведување и пречистување на отпадните води, јавно осветлување, одржување на јавната чистота, собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст отпад, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти, отстранување на непрописно паркирани возила,
5. Култура - институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и сл. културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спорт и рекреација - развој на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортските сојузи
7. Социјална заштита и заштита на децата - детски градинки
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со законот
9. 11.Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;

## 3. Правни аспекти во борба против корупција

3.1. Законска регулатива

Годишен план за проценка на ризици од корупција на општина Крушево за 2025 година е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.весник на РМ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Планот за борба против корупција „Акција 21“( 2021), Проценката на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија (2019), Методологијата за процена на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија, Насоките за проценка на ризик од институционална корупција во Република Македонија и врз основа на заклучоците изведени на 55-тата седница на Влада на Рерпублика Македонија во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција, Согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација).

Во насока на активно спречување на корупцијата, покрај горенаведените, општина Крушево антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти:

-Кривичен законик на Република С.Македонија

-Закон за заштита на лични податоци (Сл.весник на РМ бр.42/20 и 294/21)

-Законот за заштита на укажувачи (Сл.весник на РМ бр.196/15, 35/18, 257/20);

-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/2009, 12/2011,188/2013 и 192/2015);

- Закон за лобирање (Сл. весник на Р.М бр. 106/2008 и 135/11, 122/21);

-Закон за вработени во јавен сектор;

-Закон за административни службеници (Сл. весник на Р.М б р. 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20);

-Кодекс за административни службеници (Службен весник на РМ, бр. 183/2014);

Општина Крушево има изготвено Стратегија за управување со ризици за периодот 2024-2026 година.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на општина Крушево за 2025 година е документ во кој се детектираат слабостите во постојниот систем на работа во Општина Крушево во борбата против корупцијата, се утврдуваат стратегиските цели што треба да се постигнат со имплементацијата на планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

## 4. Дефинирање на поими

Корупција не постои универзална дефиниција за корупција во литературата, меѓутоа објаснувањето за корупцијата скоро секогаш се поврзува со стекнувањето на противправна лична корист на поединец или група на штета на јавните финансии и воопшто, јавниот интерес во земјата. Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни историски, психолошки, економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во чл.2 ја дефиниракорупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“. Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

- **пасивна корупција** – намерно дејствување на службено лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од каков било вид за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да дејствува или да се воздржува од дејствување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- **активна корупција** - намерно дејствување на кое било лице што директно или преку посредник ветува или дава корист од каков било вид на службено лице за него или за трето лице, со цел да дејствува или да се воздржува од дејствување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски (чл. 2 ст.2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто се застапени следните:

- Злоупотреба на службена должност;
- Поткуп;
- Тргување со влијание;
- Користење на службени добра за лични потреби;
- Судир на интереси;
- Изнуда;
- Непотизам;
- Кронизам;
- Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма). Под поимот „јавен интерес“ се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата (чл. 8 ст.8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси). Приватен интерес: Материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на

јавните овластувања и должности. Судир на интереси: Состојба во која службеното лице има приватен интерес што
влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности (чл. 2 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

**Ризик од корупција**: Кој било вид внатрешна или надворешна слабост или постапка што претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостиг на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет:** Законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции (чл. 8 ст.6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси). Ризик е веројатноста од случување на настан со негативно влијание на остварувањето на целите на субјектот (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола); Управување со ризик е процес на утврдување и оцена на внатрешните и надворешните ризици кои може негативно да влијаат на исполнувањето на целите на субјектот и спроведување на потребните контроли со цел изложеноста на ризик да биде на прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола); Контрола се сите активности преземени со цел да се избегнат или намалат ризиците (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола);

**Непотизам**: Во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување одлуки за вработување и склучување јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање дозволи)".

**Клиентелизам:** Давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам**: Најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискрециските права.

## 5. . Ризици и фактори на ризици од корупција

При проценката на ризиците од корупција се користат термините “ризик” и “фактор на ризик”. Овие поими честопати се поистоветуваат, меѓутоа ризикот треба да се разбере како поширока категорија затоа што може да биде производ од повеќе фактори на ризик.

Во литературата најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

**- Системски или надворешни фактори на ризици од корупција.**

Тоа се фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област/сектор, владеењето на правото, функционирањето на институциите, нивната меѓусебна координација, општествената клима, културата на однесување во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, итн.

**- Институционални/организациски фактори на ризици од корупција.**

Тоа се фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем во насока на оценување дали е тој соодветен за извршување на функциите во определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација, дали имаат соодветни услови за работа, итн. При ова ниво на проценка битно е да се практикува макро гледиштето (на ниво на општество (систем) или сектор, односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција.

**- Индивидуални фактори на ризици од корупција.**

Тоа се фактори кои може да влијаат на поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко однесување.

**- Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена хоризонтална област или сектор.**

Тоа се фактори кои можат да сеидентификуваат како можна појава кај сите институции кои се вклучени или каде се врши определен процес (пр. област јавни набавки) во смисла на детектирање на заедничките предизвици кои произлегуваат од законските решенија или праксата на работа. Овде е битно да се нагласи дека при проценката се практикува макро гледиштето (на ниво на систем), односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција. Кај проценката на факторите на ризици од корупција на ниво на сектор, потребно е да се идентификуваат факторите (од макро перспектива) кои се поврзани со вршење на сите надлежности во секторот (не само во една област – пр. Јавни набавки) со цел да се добие слика за слабостите во функционирање на секторот кои можат да поттикнат корупција.

## 6. Проценка на ризиците од корупција

Проценката кон ризиците од корупција е првиот чекор од процесот на подготовка на Годишниот план за спречување на корупцијата во Општина Крушево. При проценката е користено макро гледиште, односно направена е анализа на факторите на ризици на системот како целина. Врз основа на направена анализа во рамки на организациските единици во Општина Крушево, постојат повеќе области каде што е можна појава на корупција. Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси и со тоа смело да се спротивставаат на корупцијата. За континуитет при детектирањето на ризици и нивно справување, управувањето со ризиците потребно да стане составен дел од деловното планирање на општината и на извршувањето на нејзините надлежности. Истовремено, управувањето со ризиците треба да стане дел од секојдневната култура на однесување на менаџментот и на сите вработени во општината.

- **Ризикот** претставува веројатност одредена активност или настандиректно да се рефлектира врз средствата на буџетскиот корисник, врзуспешноста во работењето, врз извршувањето на мандатот што го има буџетскиот корисник.
- **Процена на ризикот** претставува размислување на економските, социјалните, политичките и правните фактори кои имаат влијание на одлуката за да се адаптира одреден тек на делување за минимизирање на ризикот.

Врз основа на усвоените Насоки за управување со ризик и Прирачникот за управување со ризикот од корупција, проценка на ризик од институционална корупција се одвива во шест фази:

1. Подготвителна фаза;
2. Идентификување на ризиците од корупција;
3. Анализа и евалуација на ризиците и тековни контролни мерки;
4. Идентификување и планирање на решенија/ мерки/ препораки;
5. Изготвување Регистар на ризици;
6. Имплементација и мониторинг/преглед на проценката на ризик од институционална корупција.

Подготвителната фаза претставува важен чекор во процесот на проценка на ризикот од институционала корупција. Во оваа фаза општина Крушево ја покажува подготвеноста и посветеноста за идентификување на ризици од корупција. Градоначалникот изготвува формален акт (решение) за формирање на работна група за проценка и управување со ризик од институционална корупција. Комисијата е во состав од лица менаџери за ризик на секторите во рамки на општина Крушево, координатор за управување со ризик и сите вработени, при што прецизно се утврдени нивните задачи. Сите вработени се информирани за управување со ризик од корупција. Процесот на идентификување на ризиците од корупција општина Крушево го врши преку прибирање и анализа на информации кои се релевантни на институцијата, при што како извор на информации се користат сите закони и

подзаконски акти, релевантни за општина Крушево, интерни акти и процедури (правилници, упатства, методологии, стратегии итн.), интерни документи (годишни интервјуа, интерни и ревизорски извештаи, дисциплински мерки итн.), како и надворешни документи (ревизорски и инспекциски извештаи, извештаи во медиумите за општина Крушево, жалби од граѓани во врска со работата на општина Крушево, јавно мислење, кривични пријави итн.). Главната цел на прибирање на вакви информации е: анализа на правните акти со цел да се идентификуваат евентуалните нерегуларности, недостатоци, преклопувања, итн. кои исто така би можеле да значат или да претставуваат ризици од корупција. Ова е антикорупциската анализа на законската рамка која се однесува на институцијата. Целта е да се направи анализа и проценка на содржината на регулативата (закони, подзаконски и други општи акти), во смисла на нивна практична имплементација, усогласеност и нивно подобрување со цел откривање, спречување и минимизирање на ризиците на корупција и судир на интереси кои би можеле да се случат при примената на законите.

Проценката на ризик од институционална корупција општина Крушево ја изработува врз основа на самопроцена со формирање група на лица (по едно лице од секој сектор и координатор за управување со ризикот) кои одговараат прашалници анонимно и се прави анализа на истите и се врши идентицикација на ризици, односно подризици. По идентификување на ризиците од корупција и ранливоста на корупција се идентификуваат и анализираат актуелните/постојните контролни мерки во споредба со ризиците кои биле идентификувани. Доколку овие внатрешни контроли и мерки се соодветни и ефикасни, во тој случај е помалку веројатно дека би дошло до идентификуваните ризици, или тие би станале сериозен обем, т.е. би имале големи последици/влијанија. Резултат од оваа анализа ќе биде да утврдиме дали некој ризик е:

a) контролиран (мерките се доволни и соодветни),

b) делумно контролиран, (ажурирање или дополнување на мерката) или

c) не е контролиран (не постојат мерки или истите не се адекватни).

Ризиците кои се делумно контролирани или не се контролирани треба дополнително да се евалуираат со користење на два фактори:

− Веројатноста идентификуваниот ризик да се случи (веројатноста се однесува на зачестеноста од тоа да се случи ризикот),

− Влијанието на ризикот, т.е. ефектите или последиците кои ќе произлезат доколку се случи ризикот (ефектите се однесуваат на последиците предизвикани од тоа што се случил некој настан).

Следен чекор е да се утврди/ процени дали тие факти веќе се оствариле (се случиле) и дали е можно повторно да се случат, како и тоа кои би биле последиците ако се случат? Оваа анализа визуелно се прикажува со тнр. „топлотна карта на ризици “, која претставува алатка за визуелно, концизно и прегледно прикажување н резултатите од процесот на проценка на ризикот.

## 7. Причини, услови и фактори за корупција

Во секојдневното работење постојат различни причини и повеќе услови и фактори кои придонесуваат во појавата на корупција. Корупцијата е искористување на службената положба во приватни цели. Доколку некој од вработените или раководството во општина Крушево свесно ги злоупотребува својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг, станува збор за корупција. Праксата досега покажува дека вработените во општината ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

Под фактори на ризик од корупција се подразбира се што може да поттикне вршење и толерирање на корупција. Ризикот од корупција треба да се како поширока категорија затоа што може да биде производ на повеќе фактори на ризик.

Најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири категории:

- Системски надворешни фактори на ризик одо корупција
- Институцонални фактори на ризик од корупција
- Индивидуални фактори на ризик од корупција
- Фактори поврзани со оперативен процес во дадена област

## 8. Воспоставување контролни механизми и алатки за надминување на детектирани ризични области

Општина Крушево не толелира коруптивно однесување односно каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон. Корупцијата е забрането однесување кое го загрозува владеењето на правото, па затоа е потребно колку е можно повеќе индивидуите и институциите да работат на нејзино спречување. За да се намалат негативните последици кои настануваат од корупцијата, тенденција на општината е да се воспостави цврста политика за борба против корупцијата, заради заштита на граѓаните и државата, а особено заради воспоставување и почитување на владеењето на правото. Како алатки и механизми за надминување на детектираните ризични области, Општина Крушево ги има:

- Повисок степен на почитување на законската регулатива;
- Редовна ревизија на работењето од финансиски и правен аспект;
- Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидатите за вработување;
- Јакнење на капацитетите на институцијата со посебен аспект на јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност од корупција
- Примена на законска регулатива
- Професионализација, департизација и деполитизација на вработени

- Зајакнување на меѓуинституционална соработка во борба против корупција
- Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можностите за корупција;
- Почитување на кодексот на вработени на Општина Крушево и редовно вршење контрола на вработените;
- Воспоставување и примена на методологија за идентификување, анализа и оценка за ризиците од корупција;
- Вработено лице во Општина Крушево кое е определено за пријавување за неправилности;
- Донесена стратегија за управување со ризици и регистер на ризици;
- употреба на електронски алатки во управување со процеси и документи
- доследно почитување на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
- зголемена отчетност, транспарентност и одговорност при реализација на надлежности
- почитување на кодексот на однесување на вработените во општина Крушево

**9. Јакнење на капацитетите на институцијата и интегритетот на вработените**

Степенот на одговорност за брз одзив и максимизирање на ефикасноста за давање на услугите во голема мера влијае на јакнење на капацитетите на институциите. Акцент во спротивставувањето со корупцијата во голема мера има и интегритетот на вработените. Под интегритет се подразбира подготвеноста на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот „интегритет“ се подразбира и законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата. Со обезбедување на повеќе едукации, обуки и со почитување на законските норми, службениците ќе можат соодветно да одговорат на сите предизвици кои може да произезат од корупцијата. Справување на институцијата со корупцијата ке започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ке се води според следните 5 закокски принципи: принцип на законитост, принцип на интегритет, принцип на еднаквост, принцип на јавност и принцип на заштита и одговорност.

**10. Почитување на законските прописи и навремено постапување кон остварување на услугите**

Правната рамка е основа за пренесување на минималните задолжителни стандарди и принципи на однесување на секој јавен службеник. Законите и прописите би можеле да ги утврдат фундаменталните вредности на јавната служба и треба да ја обезбедат рамката за упатување, истражување, дисциплинска постапка и за гонење. Треба да постојат јасни правила со кои ќе се дефинираат етичките стандарди што ќе го раководат однесувањето на јавните службеници во контактите со јавниот сектор, на пример во врска со условите за јавните набавки, обезбедувањето услуги однадвор или за вработувањето во јавниот сектор. Зголемувањето на интеракцијата меѓу јавниот и

приватниот сектор налага поголемо внимание да им се посвети на вредностите на јавната служба, а од надворешните партнери да се бара да ги почитуваат тие вредности. Вработените се раководат според однесувањето на своите претпоставени. Оттука, од суштествено значење е секој обид за намалување на корупцијата да биде предводен од највисоките функционери, кои отворено ќе ја искажат својата поддршка на кампањата.

Согласно начелото на сервисна ориентација, според Законот за општата управна постапка, службеникот е должен и сервисно ориентиран кон остварувањето на правата и интересите на странките. Општина Крушево веќе подолг временски период важи за општина која навремено одговара на доставените барања, успешно и навремено постапува при спроведувањето на постапките, притоа почитувајќи ги законски утврдените временски рокови. Досега, праксата покажува дека доколку не постои некомплетно доставена документација или суштинска пречка во смисла на постоењето услови за остварување на правата на граѓаните, службениците транспарентно, навремено и одговорно ги изготвуваат и донесуваат актите потребни за остварување на правата и интересите на граѓаните.

## 11. Намена и цели

Намената на овој план е подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на Општината преку управување со заканите и можностите и создавање околина која придонесува кон поголем квалитет, ефикасност и резултати во сите активности и на сите нивоа. Оваа план има за цел:

- управувањето со ризиците да стане дел од секојдневната култура на однесување на органите на управување и на сите вработени во Општината,
- вградување на управувањето со ризиците во процесот на планирање и донесување на одлуки како стандард,
- обезбедување рамката за утврдување, процена, постапување, следење и известување за ризиците да се искомуницира и разбере на сите нивоа на организацијата,
- воспоставување координација на управувањето со ризици во организацијата,
- обезбедување управувањето со ризици да ги опфати сите области на ризик,
- обезбедување дека управувањето со ризици е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Насоките за спроведување на процесот за управување со ризиците кај буџетските корисници.
- зголемување на свеста кај сите заинтересирани субјекти (раководство, вработени, граѓани, здруженија, организации и сл.) за потребата од управување со ризиците во работењето на ЕЛС Крушево;
- спречување или сведување на најмала можна мерка на последиците (трошоците) од евентуално, појавување на некои ризици;
- овозможување што е можно поголема усогласеност на работењето на Општината со законските прописи.

## 12. Придобивки од управување со ризици од корупција

Придобивките од успешното спроведување на процесот на управување со ризиците од корупција се следните:

- подобро одлучување,
- зголемување на ефикасноста,
- подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства,
- јакнење на довербата во управувачкиот систем и
- развој на позитивна организациска култура.

## 13. Следење на ризиците и контрола на ризиците

Откако ќе ја констатира неговата извесност, Општината е должна постојано да го *следи (набљудува*) конкретниот ризик. Во зависност од големината на појавната манифестација на ризикот или од соодветните амплитуди во неговото движење и развивање, Општината треба да презема соодветни мерки за негово ставање под контрола. За таа цел таа треба периодично да изготвува информативни и што попрецизни извештаи за следењето на ризикот и врз нивна основа, да презема соодветни заштитни мерки против тој ризик

Негативните последици, но и можностите кои, за Општината, можат да произлезат од преземање на одредени ризици се динамични и бараат континуирана *контрола* не само во текот на времето на нивно егзистирање, туку и од аспект на нивното значење. Промените во надворешното и во внатрешното опкружување на општината можат да значат нови ризици, но и предности за неа. Следењето и контролата на тие промени ќе и помогне на Општината брзо да открие некои други, претходно непредвидени, ризици и можности. Механизмите и средствата со кои Општината управува со специфичните ризици и можности можат да се менуваат со текот на времето, поради што ќе се воспостави нивно континуирано следење и контролирање за Општината да се осигури дека користи соодветни механизми и средства за остварување на таа цел.

## 14. Процес на управување со ризици

Управувањето со ризиците во Општината треба да се имплементира во работењето преку воспоставување рамка за управување со ризици, преку која ќе се овозможи:

- Ефикасно контролно опкружување;
- Целосна алокација на отчетноста за управување со ризици во рамките на правниот субјект;
- Добро воспоставен процес на процена на ризиците;
- Извршување мониторинг на активноста за управување со ризици;
- Процес на соработка за поддршка на управувањето со ризици.

При тоа, сите вработени мора да ја разберат природата на ризикот и да ја прифатат одговорноста за ризиците кои се поврзани со нивната надлежност. Неопходната поддршка, помош и посветеност на повисокиот менаџмент, исто така, ќе биде

обезбедена. Тоа укажува дека сите чинители во Општината треба да бидат на одделен начин одговорни во справување со ризиците.

### 15. Активности осетливи на корупција

Активности кои се идентификувани како осетливи на корупција поо области а за кои се определени соодветни мерки во акциониот план се:

- Јавни набавки
- Управување со човечки ресурси
- Издавање согласности и дозволи

Постапките за јавни набавки во целост се спроведуваат преку електронскиот систем за јавни набавки и истите се транспарентни, како и јавно достапни за јавноста. Договорите се објавуваат на веб страната на Општината. Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законскиот утврден рок, до крајот на Јануари во тековната година, да се доставуват до Одделението за јавни набавки заради подготовка и објава на годишниот план за јавни набавки. Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на законот за јавни набавки и обуки за антикорупција.

### 16. Зајакнување на доверба од граѓаните

Главна алатка во намалувањето на борбата против корупцијата е мотивацијата на граѓаните да пријават корупција. Одлуката на граѓаните да се спротивстават на ситуација во која за да ги остварат нивните права се „принудени“ да ги „наградуваат“ службениците надвор од нивната службена должност е првиот чекор во овој процес. Граѓаните треба да се охрабруваат да ги пријавуваат сите такви незаконски постапувања доколку постојат. Неопходно е да постои доверба во институциите со оглед дека законите ги регулираат сите постапки, активности и дејствија. Секое прекршување на Законот треба да има соодветна санкција како последица, без разлика дали станува збор за Функционер, Раководител или административен службеник со пониско звање.

### 17. Зајакнување на меѓуинституционална соработка

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите ( компаниите) на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита формат и структура на податоците. Непречениот проток на информации прекуплатформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат. Во наредниот период Општината ќе го зголеми бројот на конекции со институциите со кои ќе разменува

податоци. Имплементацијата на овој проект овозможува меѓусебна електронска размена на податоци меѓу државните органи, институциите кои се од значење за извршувањето на нивните функции и може да допринесе за квалитетно работење, економичност и ефикасност.

### 18. Препознавање и пријавување на корупцијата

Основниот предуслов за успешна борба со корупцијата е нејзиното препознавање и подготвеноста на секој поединец за соодветна реакција кога ќе се соочи со акт на корупција. Затоа, треба да се знае дека корупцијата подразбира злоупотреба на функцијата, на јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Најчест облик на корупција е таканаречената пасивна корупција, која се состои од намерно делување на службено лице, кое директно, или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски, или да ги врши своите надлежности, спротивно на службените обврски. При тоа, делувањето може да се манифестира и препознае преку:

- Имплицитно барање/примање корист (пари, материјални средства,

противуслуга и статус);

- Неоправдано одоговлекување на постапувањето;
- Недозволиво давање информации на странки / тргување со информации;
- Несоодветно менаџирање со човечките ресурси;
- Недозволени барања и наредби од претпоставените;
- Несанкционирање на прекршителите на нормите за професионално однесување.

Јакнењето на интегритетот кај службените лица, но и на институциите во целина, претставува најзначајната брана за појавата на корупцијата. Корупцијата мора да се пријави и за да се сочува интегритетот на службата, честа и достоинството на останатите вработени. При извршување на својата работна должност службеното лице може да се најде во ситуација:

- да биде соочено со незаконито барање / наредба од претпопставен и
- да забележи корумпирано однесување во неговата околина.

Законот за спречување корупција и судир на интереси ги дава потребните насоки за тоа како треба да се реагира во вакви ситуации. Така, службеното лице од кое неговиот претпоставен или избрано или именувано лице бара, во вршењето на службата, да постапи спротивно на Уставот, законот или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата. Доколку и по усното укажување непосредно претпоставениот ја повтори таквата наредба, службеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и ДКСК. По писменото укажување, службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност, ниту да трпи последици. Службеното лице кое постапило на

овој начин има право на заштита, согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи. Службеното лице е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на закон за кои дознало во вршењето на својата должност. Притоа, треба да се напомене дека не може да се преземе казнено гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење корупција, како и тоа дека на лицето што дало изјава или сведочело во постапка за коруптивно дело му се обезбедува заштита согласно со закон. Лицето има право на надоместок на штета што може да ја претрпи тој или член на неговото семејство поради дадената изјава или сведочење. Со Законот за заштита на укажувачи се уредува заштитеното пријавување во јавниот и приватниот сектор, заради заштита на јавниот интерес, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Овој закон не го спречува кого било директно да пријави корупција до ДКСК, МВР или Јавно обвинителство. Негова цел е да обезбеди механизми за поедноставено пријавување на корупцијата, како и заштита на укажувачите. Заштитеното пријавување е дефинирано како пријавување, односно откривање, со кое, согласно со овој закон, се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Како укажувач пак, во смисла на овој закон, е она лице кое со добра намера врши заштитено пријавување согласно со закон. Пријавувањето може да биде сторено анонимно или доверливо, при што на укажувачот му се гарантира соодветна заштита и му се обезбедува доверливост. Ваквата формулација на заштитеното пријавување и на укажувачот јасно упатуваат на тоа дека Законот овозможува заштита само на лице кое со добра намера врши пријавување на казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување. На тој начин се прави дистинкција помеѓу вистинското, совесното и серизното пријавување и манипулативните намери на поединци Законот за лобирање кој стапи во сила во јуни 2022, на локално ниво е правна рамка да се спречи трговијата за незаконско влијание во креирањето и реализацијата на локалните политики. Преку контролните механизми вградени во законот се овозможува заштита на јавниот интерес и спречување на коруптивни дејствија. Етичките кодекси претставуваат внатрешни општи акти на правните субјекти нивните асоцијации со кои се афирмираат позитивните вредности во врска со поведението на поединците и се промовира етичката култура. Од аспект на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, етичките кодекси се од исклучителна важност, особено во секторот на јавните служби. Цел на етичките кодекси е да воспостават правила на однесување во јавниот сектор чија имплементација ќе овозможи испорака на квалитетни и професионални услуги за граѓаните. Кодексот за административни службеници ги промовира универзалните принципи, како што се: законитост, професионалност, одговорност, недискриминација; јакнење на личниот интегритет; чување на угледот на институцијата; јакнење на довербата на јавноста во институцијата; промовирање транспарентност и отчетност, политичка неутралност, застапување на јавен интерес, однесување со странки, колеги и претпоставени, економично и ефикасно користење на ресурси итн. Административниот службеник при вработувањето во службата потпишува Изјава за прифаќање на Декларацијата за заедничката мисија на вработените во јавниот сектор. Општина Крушево има овластени лица за пријавување

на корупција и овластени лица за координирање на воспоставувањето на процесот н управување со ризици во општината преку мапирање на ризици и подготовка на стратегија за управување со ризици.

**19. Јакнење на алатки на транспарентност**

Општината согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во целост ги спроведува и применува сите алатки кои се предвидени со цел отчетност и транспарентност во работењето. Еден од клучните аспекти во превенцијата и борбата против корупција е транспарентното и ефективното работење на институциите, особено од аспект на давањето услуги кон граѓаните, што треба да вклучува систем на општествена отчетност. Овој систем овозможува ефективно ангажирање на граѓанското општество, приватниот сектор и на медиумите во дијалог и вршење надзор на фискалното и административното работење на институциите и испорака на услугите од страна на централните институции и единиците на локална самоуправа. Клучна улога во овој процес има невладиниот сектор кој преку разни алатки на општествена одговорност треба да изгради партнерски однос со јавниот сектор со заедничка цел негово потранспарентно и поефикасно работење, како и поквалитетно давање на услуги кон граѓаните. Како алатки на општествена отчетност се дефинираат сите оние што овозможуваат двонасочна комуникација помеѓу јавниот сектор и граѓанинот, преку отворање простор за поголема партиципација и заедничко донесување одлуки по прашања кои го засегаат обичниот граѓанин. Со тоа не само што ќе се зголеми отвореноста и отчетноста туку ќе се намалат потенцијалните ризици од корупција. На локално ниво, каде со процесот на децентрализација се префрлени голем број надлежности, од особена важност е да се поттикне развојот на граѓанскиот сектор како посредник помеѓу локалната самоуправа и граѓаните при одлучување во однос на приоритетите на општините, подобрување на процесот на давање услуги кон граѓаните во согласност со надлежностите на општината, комунални и инфраструктурни проблеми кои се во интерес на сите жители на општината. Во таа насока граѓанскиот сектор, во соработка со локалната самоуправа и со учество на граѓаните, веќе работи на развивање на алатки со примена на ИК технологии и социјални медиуми кои на поефективен и поефикасен начин ги адресираат овие проблеми на локално ниво.

## 20. Цели на Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2022 година

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на општина Крушево за 2022 година заради минимизирање на потенцијалните ризици на корупција и спречување на институционалнта корупција ги постави следните цели:

- Зголемување на свеста за корупција кај вработените во општина Крушево;
- Јакнење на интегритетот на вработените во општина Крушево и на институцијата во целост;
- Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување во работењето;
- Еднаков третман кон сите граѓани кои добиваат и бараат услуга од општинската администрација;
- Брза детекција и идентификација на ризиците на корупција и превземање мерки за нивно искоренување;
- Развојна антикорупциска политика на општина Крушево;
- Реализација на конкретните мерки во предвидениот рок од страна на одговорните лица во општина Крушево.

Општина Крушево
Градоначалник
м-р.Томе Христоски
___________________